Република Северна Македонија
НУ Национален конзерваторски центар - Скопје

Бр. 04-8/37
23.9.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/1572/15, 129/15, 27/16, 120/18 и Службен весник на РСМ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 111/23, 39/25, 74/25 и 208/25), член 3 и член 20-г, 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), во согласност со Предлогот на Комисијата од спроведената постапка по Јавниот оглас за вработување бр. 01/2026, утврден во Записникот бр. 04-8/36 од 18.9.2026 година, член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на Националниот конзерваторски центар бр. 01-58/6 од 4.11.2025 година, а во врска со Јавниот оглас за вработување на 4 (четири) лица на неопределено време бр. 01/2026 објавен на 24.8.2026 година за работното место - Стручен работник за археолошко наследство, директорот на националната установа ја донесе следната

О Д Л У К А

за избор на кандидат по Јавен оглас бр. 01/2026

1. За извршител на работната позиција **Стручен работник за археолошко наследство,** (1) еден извршител со шифра **КУЛ 03 04 Д03 003** во Одделение за археолошко наследство при Секторот за истражување и конзерваторско проектирање на недвижното културно наследство, во Националниот конзерваторски центар се избира кандидатот:

   - **Кирил Денковски**

2. По конечноста на одлуката за избор ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите да се објави на огласна табла и на веб-страницата на Националниот конзерваторски центар.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на потребата за вработување лица, утврдена во Годишниот план за вработување во НУ Национален конзерваторски центар за 2026 година бр. 04-364/1 од 27.8.2025 година, и Измена и дополна на Годишниот план за вработување бр. 04-8/9 од 8.4.2026 година, а по претходно добиено известување за обезбедени средства од Министерство за финансии бр. 19-5368/2 од 16.7.2026 година, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на изборот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен Јавниот оглас бр. 01/2026 од 24.8.2026 година, Националниот конзерваторски центар објави јавен оглас за вработување на 4 (четири) лица на неопределено време, даватели на услуга во културата. На јавниот оглас објавен во дневните весници *Нова Македонија*, *Вечер* и *Коха* и на веб-страната на установата, се јавија вкупно 3 (тројца) кандидати за 1 (едно) објавено слободно работно место, за работна позиција Стручен работник за археолошко наследство, а врз основа на Номинација на членови од Министерството за култура и туризам со бр. 32-7866/2 од 26.8.2026 година е донесено Решение за формирање на Комисија за спроведување постапка за вработување бр. 04-8/28 од 31.8.2026 година. Комисијата се состана на 10.9.2026 година и изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас и достави Записник од спроведената административна селекција на кандидати бр. 04-8/33 од 11.9.2026 година. На 17.9.2026 година Комисијата ја спроведе и втората фаза од постапката за селекција за вработување, односно спроведе интервју со пријавените кандидати кои успешно ја поминаа првата фаза од постапката, за што состави Записник од работата на Комисијата за постапка за вработување за спроведено интервју со бр. 04-8/36 од 18.9.2026 година и начинот на бодување во постапката за селекција на кандидати и до директорот на установата достави Предлог-одлука од спроведената постапка за избор како составен дел на Записникот со бр. 04-8/36 од 18.9.2026 година. Од конечната ранг-листа на кандидати се утврди дека избраните кандидати имаат освоено најголем вкупен број освоени бодови во сите фази на селекција.

Врз основа на горенаведеното, се изврши избор како во диспозитивот.

ДИРЕКТОР,

м-р Александар Јорданоски

Изработила: м-р Теодора Јамандиловска, правник-надворешен соработник

Доставено до:
- именуваниот;
- кандидатите;
- досие;
- огласна табла;
- архива.